# З А П И С Н И К

## Од седницата на  Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој одржа седница на 23.12.2021 година (Четврток) со почеток во 16,45 часот во просториите на локалната самоуправа во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

На седницата присуствуваа сите членови на комисијата.

По отворената расправа по записникот од 13.12.2021 година немаше пријавено за збор ,беше ставен на гласење гласење  од 5присутни члена Комисиојата го усвои со 5 гласа„ за“,  „против“ и „воздржани “ нема.

За работа на седницата на Комисијата  беше предложен следниот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог-Буџет на општина Василево за 2022 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година;
3. Предлог-Одлука за утврдување на бодот за платите на административните службеници во општина Василево за 2022 година.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на  Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски за збор никој не се јави за збор беше ставен на гласење  од 5 присутни члена Комисиојата го усвои со 5 гласа„ за“,  „против“ и „воздржани “ нема.

**1.**

По отворената расправа на првата точката од дневниот ред, Предлог-Буџет на општина Василево за 2022 година;за збор се јави Крсте Панев побара образложение во приходи за совет на општина Василево во посебен дел расходи 40 има 1.000.000 денари за супвенци трансвери тука има 2.5000 000 денари.

Габриела Ефтимова представник од општинската администрација рече дека тоа е А0 супвенциии и трансвери се однесува за ЈПКД „Турија  “ од оваа година се планира да не се доставуват фактури туку да се изготвуват извештај планирано е на тој начин да се работи.  Јавното предпријатие да не плаќа данок на ДДВ, фактички  субвенциите за јавното предпријатие изнесува 1.000.000 денари и разни трансвери од 1.500.000 денари. Тоа се исплаќа  со одлука на Советот тука спагат финансиска помош физички лица, за верски објекти каде што има потреба тоа е план однапред бидејќи не се знае што ке се бара.

Ване Андонов  Определената сума од 1.500.000 доколку во тековната година не се одобрат по таа стапка тие пари остануват неискористени праша дали може да бидат искористени за друга намена.

Габриела Ефтимова претставник од општинската администрација рече дека тоа може да се оди со ребаланс на буџетот или пренамена се зависи како ќе се остварува тековната година.Тој план е за цела година но може да претрпи и измени доколку има потреба и доколку советот донесе Одлука тоа ќе се направи

Крсте Панев праша во D0 ставка градоначалник има зголемување 3.017.00. на 3.457.000 денари. Габриела Ефтимова рече дека тука има зголемување по сите ставки има зголемување на патни и дневни расходи исто од 40 се зголемува на 250 на комунални услуги тоа се однесува на трансвери.

Крсте Панев праша зошто е тоа зголемување од 40 на 250

Габриела Ефтимова рече дека тоа е предлог на градоначалникот.

Крсте Панев праша зошто е така направено кога градоначалникот рече дека ќе се залага да ја раздолжи општината а сега ги зголемува патните трошкови

Габриела Ефтимова рече дека за тоа треба одговор да бара од градоначалникот.

Крсте Панев побара образложение околу привремени вработувања во општината. И околу каматата за плаќање на домашен кредитор побара објаснување.

Габриела Ефтимова рече дека најверовато се планира да се зголеми бројот на вработени.Што се однесува околу каматата за плаќање на домашен кредитор се мисли на кредиторот што е набавена губрарката. Рече дека имаше насоки од Министерството за финансии да се стави во капитални расходи, тука може да се види и одплатата на главнината зголемена од 100 на 3.100.000 што значи таа ставка се однесува на кредитот за губрарката од ЕА програмата поминува во Ео.

Крсте Панев праша зошто за плакање кредит се става во општинска администрација.

Габриела Ефтимова рече досега беше во Еа 2.100.000 сега во Ео рече дека тоа се насоки кој што секоја година ги добиват. Оваа година имаше примедби да се пушти Буџетот на преглед за да го читат тие имаа забелешка дека не треба да стои Еа во расходите треба да се сменат во тековно оперативни тоа е нивна законска одредба.

Крсте Панев побара образложение за кредитот од 4.000.000 денари кој предходно се плаќше.

Габриела Ефтимова рече рече дека тој кредит предходно беше во Јд сега е во Ј2 предходно во Јд биле 2.300.000 и плус Јг се менат во разни програми мора да се предвиди за да се изгласа. Основниот буџет на општината изнесува 70.000.000 денари тоа е рамка од Министерството за финансии каде што треба да се постапи додека на школите и градинката изнесува 78.000.000 денари.

Ване Андонов рече дека сега Буџетот од предходниот е намален за 28.000.000 денари.

Габриела Ефтимова сето тоа зависи во однос на реализацијата, Министерството за финансии има рамка што кажува 30% од предходните 3 години од реализацијата на прихди на предходните 3 години тие го знат тоа и пуштат допис и пуштат рамка по која треба да се оди.

Немаше друг пријавено за збор, Предлог-Буџет на општина Василево за 2022 година беше ставен на гласење од 5 присутни члена Комисиојата го усвои со 3 гласа„ за“, „против“2 и „воздржани “ нема

2.

По отворената расправа на втората точката од дневниот ред: Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година; за збор се јави Крсте Панев член на комисијата за финансиии праша во член 12 побара образложение од дека е извадено тоа дали од Статутот или Деловникот каде што пише месечниот надоместок за присуство на седница се намалува 30%.

Габриела Ефтимова рече дека оваа одлука се донесува секоја година исто беше и предходната година тој знае бидејќи тогаш беше претседател на совет доколку сака ќе му ја достави предходната одлука 30% се намалува доколку има неоправдано отсуство доколку каже градоначалникот или претседателот на советот. По оваа одлука се држи и оделението за финансии.;

Крсте Панев рече дека предходниот градоначалник зазема став дека на советниците нетреба да им се крати надоместокот и така се функционираше.

Ване Андонов смета дека и наредните 4 години така треба да фунционира.

Немаше друг пријавено за збор: Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Василево за 2022 година; година, беше ставен на гласење од 5 присутни члена Комисиојата го усвои со 3 гласа„ за“, „против“2 и „воздржани “ нема

3.

По отворената расправа на третата точката од дневниот ред: Предлог-Одлука за утврдување на бодот за платите на административните службеници во општина Василево за 2022 година.немаше друг пријавено за збор, беше ставен на гласење од 5 присутни члена Комисиојата го усвои со 5 гласа„ за“, „против“ и „воздржани “ нема

По исцрпениот дневен ред претседателот на комисијата Ване Андонов ја затвори седница.

Записничар,
Зора Коларова

Комисија за финансирање,
Буџет и локален економски развој
Претседател,
**Ване Андонов**